Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПРЕСМЕТКА на данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката

**ДД-ИД**

* *Пополнува Управа за јавни приходи*

Посебен даночен статус ☐ Заштитни друштва ☐ ТИРЗ ☐ Казнено поправни домови

Единствен даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Датум и број на прием

Даночен период (за година/и)

Рок за поднесување . .

Исправка на “ДД-ИД“

## ИСПЛАТЕНА ДИВИДЕНДА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА

*“без дени”*

| | | | |
|---|---|---|---|
| **А.** | **Податоци за извршената распределба** | | |
| 1. | Збир од сите извори од кои е исплатена дивидендата за деловната година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ (Σ ред. бр. 2 + 3 + 4) | 01 | |
| 1-а. | Збир од сите извори од кои е исплатена дивидендата за деловната година кон правните лица – резиденти на РМ (Σ ред. бр. 2-а + 3-а + 4-а) | 02 | |
| 2. | Од добивката остварена во претходната година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ | 03 | |
| 2-а. | Од добивката остварена во претходната година кон правните лица – резиденти на РМ | 04 | |
| 3. | Од пренесената нераспределена добивка остварена со состојба на 31.12.008 година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ | 05 | |
| 3-а. | Од пренесената нераспределена добивка остварена со состојба на 31.12.2008 година за исплатите кон правните лица – резиденти на РМ | 06 | |
| 4. | Од пренесената нераспределена добивка остварена по 01.01.2009 година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ | 07 | |
| 4-а. | Од пренесената нераспределена добивка остварена по 01.01.009 година за исплатите кон правните лица – резиденти на РМ | 08 | |
| 5. | Вид и износ на исплатената дивиденда | Пари | |
| | | Удели | |
| | | Акции | |
| **Б.** | **Утврдување на даночната основа и на данокот** | | |
| 6. | Износ на исплатена дивиденда (Σ ред. бр. 2 + 4) | 09 | |
| 7. | Износ на данок на исплатена дивиденда (ред. бр. 6 x 11,11%) | 10 | |
| **В.** | **Намалување на пресметаниот данок (Σ ред. бр. 8 + 9 + 10)** | 11 | |
| 8. | Намалување на данокот за сразмерниот дел на учество на странското лице во вкупниот капитал на друштвото утврден на 31.12.2009 година, доколку вложувањето е остварено пред 31.12.2006 година<br>* *се пополнува само при распределба на добивката од 2009 година* | 12 | |
| 9. | Износ на данокот платен на реализираните приходи од дивиденди од нерезидентни лица (задржан данок), но не повеќе од износот на данокот по пропишаната стапка во ЗДД | 13 | |
| 10. | Данокот кој го платила подружницата во странство за добивката вклучена во приходите на матичното правно лице во РМ, но не повеќе од износот на данокот по пропишаната стапка во ЗДД | 14 | |
| **Г.** | **Износ на данок за плаќање (ред. бр. 7 – износ од В ≥ 0)** | 15 | |

**Д. Посебни податоци**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. | Сметководствена добивка пред оданочување од претходната година | 16 | |
| 12. | Сметковотствена загуба пред оданочување од претходната година | 17 | |
| 13. | Износ на данок утврден во Даночниот биланс ("ДБ") составен за претходната година | 18 | |
| 14. | Добивка по оданочување од претходна година (ред.бр. 11 – 13) | 19 | |
| 15. | Загуба по оданочување од претходна година (ред.бр. 12 + 13) | 20 | |
| 16. | Пренесената нераспределена добивка и резерви кои можат да се распределуваат остварени по 01.01.2009 година | 21 | |
| 17. | Пренесени непокриени загуби остварени по 01.01.2009 година | 22 | |
| 18. | Износ на пренесени нераспределени добивки и на резерви што можат да се распределуваат, намалени за износот на искажаните непокриени загуби, износот на законските резерви и на статутарните резерви утврдени со договор односно статут на друштвото утврдени со состојба на 31.12.2008 година | 23 | |
| 19. | Износ на пренесени непокриени загуби утврдени со состојба на 31.12.2008 година кои се пренесуваат на терет на нераспределените добивки остварени по 2008 година | 24 | |

## ИСПЛАТЕН АВАНС НА ДИВИДЕНДА ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20. | Вкупно исплатен аванс на дивиденди во тековната година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ (Σ ред. бр. 21 + 22 + 23) | 25 | |
| 20-а. | Вкупно исплатен аванс на дивиденди во тековната година кон правните лица – резиденти на РМ (Σ ред. бр. 21-а + 22-а + 23-а) | 26 | |
| 21. | Исплатен аванс на дивиденда за првото тримесечје, од јануари до март во годината, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ | 27 | |
| 21-а. | Исплатен аванс на дивиденда за првото тримесечје кон правните лица – резиденти на РМ, од јануари до март во годината | 28 | |
| 22. | Исплатен аванс на дивиденда за второто тримесечје, од април до јуни во годината, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ | 29 | |
| 22-а. | Исплатен аванс на дивиденда за второто тримесечје кон правните лица – резиденти на РМ, од април до јуни во годината | 30 | |
| 23. | Исплатен аванс на дивиденда за третото тримесечје, од јули до септември во годината, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ | 31 | |
| 23-а. | Исплатен аванс на дивиденда за третото тримесечје кон правните лица – резиденти на РМ, од јули до септември во годината | 32 | |
| 24. | Износот на данок за плаќање на исплатен аванс на дивиденда во тековната година (ред. бр. 20 х 11,11 %) | 33 | |

## ДРУГИ ИСПЛАТИ ОД ДОБИВКАТА

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25. | Вкупни други исплати од добивката во тековната година (Σ ред. бр. 26 + 27 + 28) | 34 | |
| 26. | Исплати од ликвидационата маса на субјектите кои престануваат да постојат, извршени над вредноста на запишаниот капитал | 35 | |
| 27. | Износ на зголемената вредност на основачкиот влог над номиналниот кој се исплатува на содружниците кои истапуваат од друштвото | 36 | |
| 28. | Други исплати од добивката | 37 | |
| 29. | Износот на данок на другите исплати од добивката во тековната година (ред. бр. 25 х 11,11%) | 38 | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРЕСМЕТКАТА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име и презиме | | Потпис и печат | | М.П. |
| Својство | | Датум на поднесување | . . | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

**ДД-ИД**

Износот којшто се распределува во вид на дивиденди и други распределби од добивката, било да е во паричен или непаричен облик, се оданочува во моментот на исплатата.
Под исплата на дивиденди и на други распределби од добивката се подразбираат дивидендите исплатени во пари, во удели, односно во акции на друштвото.
Оданочувањето на дивидендите, односно на авансите на дивидендите кои се исплаќаат во пари, се врши на денот на исплата на дивидендата.
Оданочувањето на дивиденда која е ставена во распределба во удели, односно акции, се врши на денот на запишувањето на зголемувањето на уделот во Централниот регистар на РМ, односно во Централниот депозитар на хартии од вредност.
Пресметката на данокот се врши на образецот “ДД-ИД“ кој се доставува до даночната канцеларија на УЈП или во електронска форма преку http://etax.ujp.gov.mk
Добивката која што се распределува за ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА се утврдува од износот којшто не ја надминува вкупно остварената сметководствена добивка во претходната година искажана со годишната сметка намалена за износот на утврдениот данок во образец “ДБ“, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со резервите коишто можат да се распределуваат (освен законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото односно со статутот) под услов претходно да се покриени загубите од претходните години.
Во основата за пресметување на данокот на исплатена дивиденда за деловната година не влегува износот на нераспределената добивка, односно резервите, кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото, односно со статутот, остварени со состојба на 31.12.2008 година.
Износот кој се распределува за исплата на дивиденда на правни лица резиденти на Република Македонија не подлежи на оданочување.
Данокот на исплатени дивиденди за деловната година се утврдува со примена на пресметковна стапка од нето-износот кој се распределува.
Данокот на ИСПЛАТЕН АВАНС НА ДИВИДЕНДА ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА се утврдува од добивката остварена во тековната годината во која исплатата се извршува.
Износот на аванс на дивиденда се утврдува врз основа на периодичните пресметки или периодичните финансиски извештаи составени за трите, шестте, односно деветте месеци.
Данокот на исплатениот аванс на дивиденди за тековната година се утврдува со примена на пресметковна стапка од нето-износот кој се распределува.
Данокот на ДРУГИ ИСПЛАТИ ОД ДОБИВКАТА се пресметува на утврдениот ликвидационен остаток, кој останува по намирување на доверителите, кој се распределува на содружниците, односно на акционерите, во износ поголем од запишаниот основен капитал. За други исплати од добивката се сметаат и исплатите на содружниците/акционерите кој истапуваат од друштвото во износ повисок од запишаниот, под услов да се изврши намалување на основната главница (запишаниот капитал), и кога влогот на лицето што истапува не се презема. За други исплати од добивката се сметаат и издвојувањата од добивката за намените по основ на дополнителните издатоци врз основа на Одлука. Во овој дел особено спаѓаат исплатите по основ на обврските за лични примања на сопствениците, кои не се на терет на трошоците од работењето и не се пресметани во бруто-платата, туку се искажуваат на терет на добивката за финансиската година по сите оданочувања - нето-добивка наменета за лични примања на сопствениците.
Под други исплати, односно распределби од добивката, ќе се смета и секое зголемување на основната главнина на друштвото, поради промена на сметководствената вредност на деловниот имот и на обврските (процена по фер вредност), преобразба или статусни измени на друштвото (спојување, присоединување, поделба).

Обврзниците со посебен даночен статус: заштитните друштва, стопанските единици во рамките на установите за извршување на санкции, односно казнено поправните установи или корисници на технолошко индустриски развојни зони, го означуваат со “Х“ наведеното поле во даночната пријава.
**Напомена:** Обврзниците со посебен даночен статус подлежат на оданочување за извршените распределби од добивката остварена во деловната година кога не биле обврзници со посебен даночен статус.
При пополнување на образецот “ДД-ИД“ податоците внесете ги читливо и целосно, со печатни букви. Податоците внесете ги во точно означените полиња. Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.
Износите се искажуваат во денари, без дени.
Во образецот задолжително се внесуваат податоците за: Единствен даночен број, скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт и даночен период за кој се поднесува образецот.

**ИСПЛАТЕНА ДИВИДЕНДА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА**

**А. Податоци за извршената распределба**

1. Претставува збир од сите извори од кои е исплатена дивидендата за деловната година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ (Σ ред. бр. 2 + 3 + 4).

1-а Претставува збир од сите извори од кои е исплатена дивидендата за деловната година кон правните лица – резиденти на РМ (Σ ред. бр. 2-а + 3-а + 4-а).

2. Износ на добивката остварена во претходната година од која е исплатена дивиденда, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ.

2-а. Износ на добивката остварена во претходната година кон правни лица – резиденти на РМ.

3. Износ на пренесена нераспределена добивка односно резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото, односно со статутот, ако се покриени загубите од претходните години, остварена со состојба на 31.12.2008 година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ.

3-а. Износ на пренесена нераспределена добивка односно резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото, односно со статутот, ако се покриени загубите од претходните години, остварена со состојба на 31.12.2008 година за исплатите кон правните лица – резиденти на РМ.

4. Износ на пренесена нераспределена добивка односно резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото односно со статутот, ако се покриени загубите од претходните години, остварена по 01.01.2009 година, освен делот на распределбите кон правните лица – резиденти на РМ.
** Ова поле не го содржи износот на добивката остварена во претходната година (износот од ред.бр.2)*

4-а. Износ на пренесена нераспределена добивка односно резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото односно со статутот, ако се покриени загубите од претходните години, остварена по 01.01.2009 година за исплатите кон правните лица – резиденти на РМ.
** Ова поле не го содржи износот на добивката остварена во претходната година (износот од ред.бр.2)*

5. Вид и износ на исплатена дивиденда. Се означуваат со “Х“ соодветните полиња и се внесува износот на исплатата на дивидендата, во зависност од формата на исплатата (во паричен облик или со зголемување на капиталот).

**Б. Утврдување на даночната основа и на данокот**

6. Се искажува збир од исплатената дивиденда од: добивката остварена во претходната година, и од пренесената нераспределена добивка односно резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото, односно со статутот, ако се покриени загубите од претходните години, остварена по 01.01.2009 година, односно збир од ред. бр. 2 + 4.

7. Се искажува износот на данок на исплатена дивиденда за деловната година, кој се пресметува кога износот на ред. бр. 6 ќе се помножи со 11,11%. Во услови на стапка на данокот на добивка од 10%, висината од 11,11% се добива на следниот начин:

$$\frac{\text{стапка}}{(100\text{-стапка})} \times 100 \text{ или } \frac{10}{90} \times 100 = 11{,}11\%$$

**В.** **Намалување на пресметаниот данок** (збир од ред. бр. 8 + 9 + 10)

8. Намалување на данокот се врши согласно одредбите на член 33 од ЗДД, за износот на сразмерниот дел на учество на странското лице во вкупниот капитал на друштвото утврден на 31.12.2009 година, доколку вложувањето е остварено пред 31.12.2006 година.
** Овој реден број се пополнува само при распределба на добивката од 2009 година.*

9. Се искажува износ на платениот данок на остварените приходи од дивиденди од нерезидентни лица врз основа на учество во капиталот, но не повеќе од износот на данокот што би се добил со примена на пропишаната даночна стапка во ЗДД.

10. Се искажува износот на данокот кој го платил подружницата во странство под услов остварената добивката да е вклучена во приходите на матичното правно лице во Р. Македонија, но не повеќе од износот на данокот што би се добил со примена на пропишаната стапка во ЗДД.

**Г.** **Износ на данок за плаќање** (се впишува доколку ред. бр. 7 – износот искажан под В ≥ 0)

**Д.** **Посебни податоци**

11. Се искажува износ на сметководствената добивка пред оданочување од претходната година искажана во Билансот на успех ("БУ") кон годишната сметка составена за претходната година.

12. Се искажува износ на сметководствена загуба пред оданочување од претходната година искажана во "БУ" кон годишната сметка составена за претходната година.

13. Се искажува износ на данок утврден во Даночниот биланс ("ДБ") составен за претходната година.

14. Се искажува износот на добивката по оданочување од претходната година која се добива како разлика меѓу износот на сметководствената добивка пред оданочување и износот на данок утврден во Даночниот биланс ("ДБ") составен за претходната година, односно ред.бр. 11 – 13.

15. Се искажува износот на загубата по оданочување од тековната година која се добива како збир на износот на сметководствена загуба пред оданочување од претходната година и износот на данок утврден во "ДБ" составен за претходната година, односно ред.бр. 12 + 13.

16. Се искажува износ на пренесената нераспределена добивка и резерви кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото, односно со статутот остварени по 01.01.2009 година.
** Ова поле не го содржи износот на добивката остварена во претходната година (износот од ред.бр.2)*

17. Се искажува износот на пренесени непокриени загуби остварени по 01.01.2009 година.
** Ова поле не го содржи износот на добивката остварена во претходната година (износот од ред.бр.2)*

18. Се искажува износот на пренесени нераспределени добивки и на резерви што можат да се распределуваат, намалени за износот на искажаните непокриени загуби, износот на законските резерви и на статутарните резерви утврдени со договор односно статут на друштвото утврдени со состојба на 31.12.2008 година.

19. Се искажува износот на пренесени непокриени загуби утврдени со состојба на 31.12.2008 година кои се пренесуваат на терет на нераспределените добивки остварени по 2008 година.

## ИСПЛАТЕН АВАНС НА ДИВИДЕНДА ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА

20. Се впишува збирот од исплатените аванси на дивиденда за првото, второто и третото тримесечје од тековната година, освен делот од распределбите кон правните лица-резиденти на РМ (збир на ред. бр. 21, 22 и 23).

20-а. Се впишува збирот од исплатените аванси на дивиденда за првото, второто и третото тримесечје од тековната година кон правните лица-резиденти на РМ.

21. Се искажува износот на исплатениот аванс на дивиденда за првото тримесечје (јануари - март во годината).

21-а. Се искажува износот на исплатените аванси на дивиденда за првото тримесечје (јануари - март во годината) кон правните лица-резиденти на РМ.

22. Се искажува износ на исплатениот аванс на дивиденда за второто тримесечје (април - јуни во годината).

22-а. Се искажува износот на исплатените аванси на дивиденда за второто тримесечје (април - јуни во годината) кон правните лица-резиденти на РМ.

23. Се искажува износот на исплатениот аванс на дивиденда за третото тримесечје (јули - септември во годината).

23-а. Се искажува износот на исплатените аванси на дивиденда за третото тримесечје (јули - септември во годината) кон правните лица-резиденти на РМ.

24. Се искажува износот на данок за плаќање на исплатен аванс на дивиденда во тековната година кој се добива кога износот на ред. бр. 20 ќе се помножи со 11,11%.

## ДРУГИ ИСПЛАТИ ОД ДОБИВКАТА

25. Се искажува износот на вкупните други исплати од добивката во тековната година добиен како збир од ред. бр. 26, 27 и 28.

26. Се искажува износот на исплатите од утврдениот ликвидационен остаток (кој останува по намирување на доверителите) кој се распределува на содружниците односно на акционерите во износ поголем од запишаниот основен капитал.

27. Се искажува износот на исплатите на содружниците односно на акционерите (кои истапуваат од друштвото) во износ повисок од запишаниот капитал, во случаите кога се намалува основната главнина на друштвото.

28. Се искажува износот на другите исплати од добивката во кои особено спаѓаат исплатите по основ на обврските за лични примања на сопствениците кои не се на терет на трошоците од работењето и не се пресметани во бруто-платата, туку се искажуваат на терет на добивката за финансиската година по сите оданочувања - нето-добивка наменета за лични примања на сопствениците. Се искажуваат и сите други исплати од добивката, кон вработените и кон сопствениците на капиталот, кои не се пресметани во бруто-платата.

29. Се искажува износот на данокот на другите исплати од добивката во тековната година кој се добива кога износот на ред. бр. 25 ќе се помножи со 11,11%.

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРЕСМЕТКАТА

Задолжително наведете го името, презимето и својството на потписникот, како и датумот на поднесување на пресметката.
Не заборавајте своерачно да го потпишете образецот и да ставите печат.



** Образецот е објавен во „Службен весник на Р.М.", бр. 173/11 и важи од 16.12.2011 година*